UNIVERSITETI I EVROPËS JUGLINDORE
УНИВЕРЗИТЕТ НА ЈУГОИСТОЧНА ЕВРОПА
SOUTH EAST EUROPEAN UNIVERSITY

| | |
|---|---|
| **Study program** | **Криминалистика и безбедност (2025/2026)** |
| Факултет | Правен |
| Циклус на студии | Втор циклус (Постдипломски) |
| ЕКТС | 60 |
| Код | CS60 |
| Титула | Магистер по криминалистика и безбедност |
| Архивски број на акредитација [60] | 03-516/1 |
| Архивски број на акредитација [] | |
| Решение за почеток со работа | |
| Датум на акредитација | 24.02.2025 |

## Опис на програмата

Цел на студиската програма од втор циклус (магистерски студии) по Криминалистика и безбедност е студентите да се подготват за успешна кариера во полицијата и другите органи на државната управа. Преку понудените предмети во оваа програма студентите ќе имаат можност да:
- Стекнат продлабочени теоретски знаења и да развијат стручни вештини за решавање на комплексни безбедносни предизвици;
- Имаат увид и разбирање за функционирањето на правосудниот систем и на агенциите за спроведување на законот;
- Стекнат продлабочени знаења од форензичката наука.

Во рамките на програмата е понудена теоретска обработка на предметите, која е комбинирана со уникатна практична обука во Форензичката лабораторија на Правниот факултет при Универзитетот на Југоисточна Европа, каде студентите стекнуваат практично искуство во форензичка анализа.

Во лабораторијата, студентите активно учествуваат во различни практични активности од областа на форензичката наука, како што се: испитување на биолошки траги, рапид тестирање на дрога, симулација на увид на местото на настанот, дактилоскопија и примена на други форензички техники. Преку овие вежби, студентите развиваат напредни вештини во форензичката анализа и истражните активности, што е од суштинско значење за нивното идно вработување како и за нивниот придонес во справувањето со криминалитетот и одржувањето на правдата.

Покрај тоа, преку програмата студентите ќе бидат подготвени и за истражувачка работа во областа на криминалистиката и безбедносните науки преку што ќе им се отвори пат за академска кариера

## Кариера

Дипломираните на магистерската програма по Криминалистика и безбедност студии имаат напредни знаења и практични вештини кои им отворат можности за кариера во јавниот и во приватниот сектор. Тие можат да започнат кариера во агенциите за спроведување на законот, фирми за безбедност, разузнавачки агенции и владини

организации кои се занимаваат со превенција и сузбивање на криминал и национална безбедност. Дополнително, постојат можности во лаборатории за форензика, приватни истражувачки услуги, правно советување, управување со ризик и компании за сајбер безбедност. Дипломираните можат да се вработат и во меѓународни организации кои се фокусираат на кривична правда, човекови права и транснационален криминал. Со експертиза во анализата на криминално однесување, истражување на места на злосторства и безбедносно управување, тие се добро подготвени да се соочат со комплексни предизвици во областа на кривичната правда и безбедноста.

## Резултати од учењето

### Знаење и разбирање

- Има напредни теоретски знаења и практично разбирање на националниот систем за безбедност и репродуцира знаење за цели и стандарди за безбедност;
- Има познавање и увид на конкретни мерки и превентивни и репресивни акции на безбедност во контекст на управувањето со кризни ситуации и приоритети во областа на безбедноста;
- Поседува детални податоци за разбирање и прифаќање на основните принципи на професионалната етика во областа на безбедноста;
- Има специфично значење на технологии и методологии на истражување во областа на безбедноста;

### Примена на знаењето и разбирањето

- Идентификува и спроведува политики, процедури и правила за безбедност во областа.
- Идентификува и анализира најкомплицирани прашања во областа на безбедноста, кои учествуваат активно во сите фази на имплементацијата на политики, процедури и одлуки во областа на безбедност и во воспоставување стандарди за безбедност во организации и институции од областа.
- Толкува и расправа за современите прашања во врска со комплексни ризици, предизвици и закани за безбедноста.
- Формулира планови, извештаи и стратегиски документи од областа на управувањето со кризи ситуации и користи техники и механизми за контрола на безбедносни стандарди.
- Го применува знаењето стекнато преку процесот на истражување на решавање комплексни и практични безбедносни прашања.

### Способност за проценка

- Донесува одлуки за решавање на најсложените случаи, преку истражување на креирањето практични политики, процедури и одлуки во областа на безбедноста.
- Оценува и разликува стандарди за безбедност на организациите и институциите во областа на безбедноста.
- Поседува напредно критичко размислување, со примена на методот на анализа и споредба;

### Комуникациски вештини

- Употребува соодветна терминологија за комплексни и специфични прашања во областа на безбедноста.
- Активно се вклучува во научно аргументирање и во дебата.
- Ги употребува официјалните јазици на Универзитетот и има напредни вештини на информатичките технологии во научната работа.

### Вештини на учење

- Развива Правилник за истражувачка работа кој се употребува во  професијата.
- Развива практика на продолжено учење ангажирајќи се при тренирање лица кои работат во државните институции за спречување на криминалот.

## Листа на предмети

### Семестар 1

- [MCCR2040] [6.0 EKTC] **Криминалистика**
- [MCSS2030] [6.0 EKTC] **Полициско право**
- [CM253] [6.0 EKTC] **Применето кривично право**
- [MCCR3020] [6.0 EKTC] **Организиран криминал**

- [6.0 ЕКТС] **Изборен предмет**

### Семестар 2

- [MCCR1120] [6.0 ЕКТС] **Методологија на истражување**
- [CM296] [24.0 ЕКТС] **Магистерски труд**

## Description of courses

### Задолжителни предмети

- **Криминалистика**
  Основната цел на овој предмет е студентите да ги научат основите на Криминалистиката како самостојна наука и да стекнат напредни знаења за науката за откривање и докажување на криминалот. Во рамките на овој предмет се изучуваат основните принципи на Криминалистиката, нејзините методи и главните гранки, како што се криминалистичката техника, тактика и методика. Преку овој предмет студентите се оспособуваат да ги идентификуваат и анализираат проблемите поврзани со оваа наука. Студентите ќе стекнат знаења во врска со Трасологија, Дактископија, Балистика и Криминалистичка техника за регистрација. Покрај тоа, ќе стекнат теоретски и практични знаења во однос на тактичките истражни активности, оперативните активности и методологијата за откривање на различни форми на криминалитет.

- **Полициско право**
  Преку овој предмет студентите ќе стекнат знаења за организацијата на полицијата, полициските овластувања, правата и обврските што произлегуваат од работниот однос на полициските службеници во Министерството за внатрешни работи, согласно позитивната национална и меѓународна правна рамка. Целите на предметот се состојат во тоа што студентите ќе: • Стекнат основни познавања за полициското право, изворите на полициското право, правната рамка, надлежностите на полицијата и внатрешната организација на полицијата во РСМ; • Имаат подетални знаења за полициското право во Република Северна Македонија како и компаративни сознанија за полициското право во други држави; • Имаат свое критичко мислење; • Бидат во состојба да вршат анализи и истражувања за одделни концепти и настани релевантни за полициското право; • Имаат способност за презентирање на резултати од истражување, за работа во тим и за дебата; • Ќе бидат во состојба теоријата да ја применат врз практични случаи во реалниот живот.

- **Применето кривично право**
  Со изучување на предметот Применето кривично право студентот ќе се запознае со казнените институти и норми, со принципите врз кои се темели казненото право. Кривичното право како гранка на позитивното право, претставува систем од норми со кои определени човекови однесувања се прогласуваат за казнени дела, за тие дела се пропишуваат казни и други присилни санкции од страна на државата и се утврдуваат условите и начините за нивна примена.

- **Организиран криминал**
  Целта на овој предмет е студентите да стекнат научни и продлабочени знаења за организираниот криминал како правно - казнена наука. Предмет на проучување е организираниот криминал како нова научна дисциплина и појавата и развојот на организираниот криминал. Областите на проучување на организираниот криминал ги вклучуваат појавата, формите, причините и последиците од организираниот криминал, како и општествените и државните регулативи како начини за борба против организираниот криминал. Преку овој предмет студентите ќе се запознаат со значењето, предметот и методологијата на науката за организираниот криминал. Ќе ги разликуваат различните теории за организираниот криминал и неговите причини, како и криминалната форма и типологија. Тие ќе ги научат криминолошките аспекти на организираниот криминал, како и етиологијата или причините за организираниот криминал.

- **Методологија на истражување**
  Студентите ќе бидат оспособени: • Да ги применат главните правни и други истражувачки методи. Критички и креативно да прибираат истражувачки материјал кој е релевантен и кој се цитира од авторите селективно во нивните одговори. • Да го разберат обемот на истражувачкиот процес и пристапот на различните методи на научното истражување и да се во можност да ги критизираат. • Да го проучуваат преку напреден пристап односот меѓу правната теорија и истражувачката практика. • Да ги применат вештините и знаењето кои ги стекнале преку своите тези. • Како да избегнат плагијаторство. • Да имаат напредни знаења за

истражувачките методи во правните науки како и стандардите на цитирање.

- **Магистерски труд**
  По положувањето испити, студентот може да ја започне постапката на поднесување, подготвување и јавната одбрана на магистерската теза. Студентот избира ментор, со чии инструкции го подготвува барањето за магистерската теза. Барањето мора да биде дозволено од Наставно-научниот совет на Факултетот. По подготвување на конечната верзија на магистерскиот труд, Наставно - научниот совет на Факултетот формира трочлена комисија, која го подготвува извештајот, со кој се прифаќа или се одбива магистерскиот труд. Позитивниот извештај се одобрува од Наставно - научниот совет и се утврдува датумот за јавна одбрана.

## Изборни предмети

- **Криминологија**
  Целта на овој предмет е проучување на феноменологијата и етиологијата на криминалитетот. Во рамките на овој предмет ќе се проучуваат формите на појавување на криминалитетот, динамиката, структурата како и причините кои влијаат во појавувањето на истиот. Ќе се проучуваат надворешните, микрогрупните и внатрешните ризик-фактори за криминалитетот.

- **Пенологија**
  Целта на овој предмет е студентите да се запознаат со пенологијата како наука за извршување на кривичните санкции. Посебен проблем во справувањето со криминалитетот е политиката за превенција и контрола. Во рамките на овој предмет ќе се третираат видовите на кривични санкции и начинот на нивно извршување, организирањето на затворите и другите институции за рехабилитација на затворениците и методите за нивна реинтеграција во заедницата.

- **Малолетничка деликвенција**
  Целта на овој предмет е студентите да стекнат знаења од казненото право спрема децата, изучувајќи ја како правно-казнена дисциплина и како позитивна гранка на правото во казнено-правниот систем на државата. Преку изучувањето на позитивното законодавство на државата кое го регулира кривичното постапување кон малолетниците и меѓународното законодавство, студентите ќе стекнат знаења во врска со: • Класификацијата на децата согласно Законот за правда за деца; • Правата на децата и принципите на правдата за деца; • Прекршочни и кривични санкции за деца; • Кривичната постапка за деца; • Превенција на малолетничката деликвенција; • Феноменологијата и етиологијата на овој феномен, како и компаративно изучување на правдата за деца; • Проучување на меѓународното законодавство кое ја регулира правдата за деца.

- **Компјутерски криминал**
  Во рамките на овој предмет, студентите ќе стекнат напредни сознанија за компјутерскиот криминалитет како и сознанија за најновите облици на кривичните дела кои се вршат преку компјутерот и преку интернет-мрежите како и за современите начини на спречување на ваквиот криминалитет кој се развива сè повеќе во денешните дигитални општества. Ќе се проучуваат кривичните дела од типот на компјутерска измама, фалсификување компјутерски софтвер и други облици на злоупотреба на Интернетот за криминални цели. Ќе се анализира домашното скоро реформирано законодавство, а ќе се добиваат сознанија и за светските стандарди и текови во оваа област.

- **Економски криминалитет**
  Целта на предметот е студентите да се запознаат со економскиот криминалитет од криминолошки и од кривично- правниот аспект. Со стекнување на ова знаење студентите ќе имаат солиден преглед на овој вид криминалитет, неговото влијание врз економско-политичката стабилност, благосостојбата на општеството, факторите кои влијаат на овој вид криминал, формите на настанување, начинот на неговото извршување, карактеристиките на сторителите, методите за спречување и борба против овој вид криминал и сл. Со стекнувањето на ова знаење, студентите кои по дипломирањето се потенцијални кандидати за вработување во институции кои директно или индиректно се борат со овој вид криминал, многу полесно ќе се соочат и справуваат со него при извршување на секојдневните работни обврски во доменот на економско – финансискиот криминалитет.